

Хусеин Алптекин
Лучезар Бојаџиев
Зденко Бужек
Зоран Насковски
Сашо Станојковиќ
Ана Стојковиќ
Жанета Вангели

Куратор: Сузана Милевска

# СЕКОГАШ ВЕЌЕ АПОКАЛИПСА

26 јули Скопје 1999

Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија
Музеј на град Скопје

## СЕКОГАШ ВЕЌЕ АПОКАЛИПСА

Секој говор за апокалипсата како конечен крај на времето, човекот1, уметноста 2 или на нејзината историја 3, е означен со амбивалентност. Двојната природа на сите фатички дискурси воопшто произлегува од конфликтот што е резултат на пропаста сфатена како изчезнување на материјалното и пропаста сфатена како метафора за губењето на духовната димензија на реалноста. Со апокалипсата е уште покомплексно: таа истовремено значи и откривање на конечната вистина и крај, смрт. Кога ќе се земе предвид дека и самиот грчки збор telos истовремено значи крај, но и цел, се согледува вистинската парадоксална природа на секој дискурс за апокалипсата 4.

Тргнувајќи од тврдењата дека апокалипса нема и не може да има бидејќи нема ни присутност ни вистина што би требало да биде откриена додека детериторизацијата е во тек, па се до тврдењата дека апокалипсата веќе се случила и ние одамна живееме со неа 5, се соочуваме со често сосем спротивни интерпретации на онаа исконска библиско-пророшка мисла дека апокалипсата претставува момент на откривање на немилата вистина за заслужената казна што доаѓа како природен след по периодот на внурвување во гревот.

Крајот на човекот е концепт што се должи на песимистички расположениот бог кој со тоа само ја потврдува сопствената немоќ и, симултано, и сопствениот крај. Сепак, кризата на духовното најчесто се претставува со уништувањето и исчезнувањето на материјалното, повторно поради немоќта, овој пат за презентирање на духовното и невидливото.

Во секоја средина која помни земјотрес тој настан станува нужна метафора (и клетва), всушност катахрезична слика за апокалиптична казна за некој претпоставен грев. И во самото Јованово Откровение земјотресот често се споменува како еден од знаците на апокалипсата, а оваа катастрофична непогода, една од

## ALWAYS ALREADY APOCALYPSE

Any speech about the Apocalypse as a final end of time, man 1, art 2 or its history 3, is signified with ambivalence. The double nature of all phatic discourses in general derives from the conflict that is a result of the disaster that is both understood as a disappearance of the matter and, simultaneously, as a loss of the mental dimension of reality. Dealing with the concept of Apocalypse is even more complex than that: it means both a revelation of the truth and announcement of the end, the ultimate death. Taking into account that the mere Greek word telos means end and aim at the same time the true paradoxical nature of any apocalyptic discourse can be conceived 4.

Starting from the statements that there is no Apocalypse and it cannot be since there is neither presence nor truth that should be revealed, while the deterritorization is taking place, and because the Apocalypse has already taken place and we live with it long time ago 5, we face completely contradictory interpretations of archaic biblical and prophetic thought: that the Apocalypse is a moment of revealing unpleasant truths about the punishment that comes as a natural consequence after the delving into sins.

The end of man is a concept which is due to the pessimistic mood of a God who only confirms his own weakness, and, simultaneously, his own end. However, the crisis of the mind usually is represented with dissolving and vanishing of the material, again because of the weakness, this time for representing of the mind and invisible.

In any milieu that recalls an earthquake this event becomes an inevitable metaphor (and curse), actually a catachresic image of an apocalyptic punishment for a presupposed sin. Even in the John's Revelation itself the earthquake is often mentioned as one of the signs of Apocalypse, and




**Хусеин Алптекин**
Вратот на Курбе, Виагра, МР (магнетска резонанца) и Жил Верн, 1999
(инсталација со дигитални отпечатоци и неонски светла)

**Hüseyin Alptekin**
Courbet's neck, Viagra, MR (magnetic resonance) and Jules Verne, 1999
(installation with digital prints and neon light)

најсаканите на Нострадамус и останатите посовремени пророци, станува знак за друга, претпоставена трагедија.

На крајот на секој век, а особено сега, на крајот на милениумов, фатичките дискурси се множат, а нивната пролиферација резултира со акумулирање на онтолошкиот страв од исчезнување на човекот и концептот за него. Истовремено и контрадикторно, идејата за крајот на човекот често е поврзана и со идејата за прогресот. Мислителите како Макијавели, Волтер, Кодорсе, па и Валтер Бенјамин упатуваат на прогресот 6 како на амбивалентна категорија и покрај Хегеловата опседнатост со неа. Можноста за катаклизмична деструкција на нашата цивилизација и нејзиното враќање на варварски стадиум се презентира како horror vacui, присутен не само во научно фантастичните филмови.

Уметноста исто така е еден од концептите што е постојано подложуван на преиспитување: нејзината отпорност на траењето во времето е под прашање најмногу поради нејзиното доброволно откажување од вистината. Откривањето на вистината дека уметноста веќе

this catastrophic disaster, one of the most favorite of Nostradamus and the more contemporary prophets, becomes a sign for another presupposed tragedy.

At the end of this century, especially at the end of millennium, phatic discourses are proliferating that results with accumulation of an ontological fear of vanishing of man and the concept of man.Simultaneously and contradictory, the idea of the end of man is usually connected with the idea of progress. Thinkers like Macchiavelli, Voltaire, Condorset, and even Walter Benjamin point to the progress 6 as an ambivalent category even though it is well known the Hegel' obsession with it. The possibility for a cataclysmic destruction of our civilization and its return to the barbarian condition is presented as a horror vacui, present not only in the science fiction movies.

Art is also one of the concepts constantly subordinated to questioning: its resistance in time is under question, mostly because of its voluntarily disavowal of the truth. The reve-

нема да претендира на вистината (или барем не на една апсолутна вистина) води кон инсистирањето за откровението на нејзиниот крај.

Изложбата "Секогаш веќе апокалипса" е проект што ги преиспитува потребите и изворите на ваквото одрекнување од вистината. Скопскиот земјотрес од 1963 година е земен како метафора не само за катастрофална пропаст туку исто така како позитивен пример за единствениот момент на солидарност што се случил тогаш. Дали концептот на човекот е толку многу променет што повеќе не би можеле ни да се надеваме на таков настан на солидарност? Дали релативизирањето на гносеолошките и етичките категории нужно води кон исчезнување на секоја епистемологија?

Уметниците поканети да учествуваат со свои дела во рамките на овој проект размислуваат за овие прашања околу природата на верувањето во апокалипса, нејзиното прифаќање или негирање и за нејзиното рефлектирање врз концептот на времето воопшто. Библиските референции често им служат само да посочат на трајниот авторитет на книгата која се состои од најстрашни слики за судбината на светот. Застрашувањето на луѓето со имагинарни фантазми на краен прекин во стабилната приказна и историја на светот не е привилегија само на современите медиуми што постојано презентираат "вистини" за еколошки катастрофи или непознати оружја.

Размислувањето на уметниците за оваа проблематика е главно во врска со епистемолошкиот релативизам и со потребата катастрофата да се сфати не како момент на конечен премин туку како катарзичен пресврт.

Текот на времето станува палиндром што може да се чита во двете насоки, ако воопшто постои таков прекинувачки настан како апокалипсата.

*Сузана Милевска*

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

1. Jacques Derrida, The Ends of Man, in *Margins of Philosophy*, trans. Alan Bass, Chicago, Univ. of Chicago Press, 1982
2. Arthur C. Danto, The State of the Art, Prentice Hall Press, New York, 1987, pp. 202-218
3. Hans Belting, *Крајот на историјата на уметноста*, Култура, Скопје, 1995
4.William Bogard, Baudrillard, Time, and the End, in *Baudrillard: A Critical Reader*, Ed. by Douglas Kellner, Blackwell, Oxford UK-Cambridge USA, 1995
5. Jean Baudrillard, J., The Year 2000 Will Not take Place, in *Future Fall*, Ed. by E. A. Grosz, Power Institute of Fine Arts, University of Sidney and Future Fall, 1986
6. Francis Fukuyama, *The End of History and the Last Man*, Penguin Books, 1992

lation of the truth that the art is not longer pretending to move toward the truth (or at least toward an absolute truth) leads toward an insistence on the revelation of its end.

The exhibition "Always Already Apocalypse" is a project that questiones the needs and sources for such disavowal of the truth. The Skopje earthquake from the year1963 is taken as a metaphor not only for a catastrphic disaster but also as a positive example for a unique moment of solidarity that took place at that time. Is the concept of man changed that much so that we can not hope for such event of solidarity anymore? Is the relativization of gnoseological aand ethic categories necessarily leading toward the vanishing of any epistemology?

The artists invited to exhibit within the framework of this project deal with all these questions about the nature of the belief in Apocalypse, its acceptance or negation and its reflection in the concept of time in general. The biblical references usually serve only to point to the everlasting authority of the book that consists of the most terrifying images about the destiny of the world. The intimidation of the people with the imagined phantasms of a final rupture in the stabile story and history of the world is not a privilage of the contemporary media presenting the "truths" about the ecological disasters or unknown weapons.
The reflection of the artists on this problematic is essentially in connection with the epistemological relativism and with necessity of understanding of a catastrophe not as a final rupture but as a catharsic turn.

The flow of time thus becomes a palindrome that can be read in both directions, if there is such an interruptive event as Apocalypse at all.

*Suzana Milevska*

**REFERENCES:**

1. Jacques Derrida, The Ends of Man, in *Margins of Philosophy*, trans. Alan Bass, Chicago, Univ. of Chicago Press, 1982
2. Arthur C. Danto, The State of the Art, Prentice Hall Press, New York, 1987, pp. 202-218
3. Hans Belting, *Крајот на историјата на уметноста*, Култура, Скопје, 1995
4.William Bogard, Baudrillard, Time, and the End, in *Baudrillard: A Critical Reader*, Ed. by Douglas Kellner, Blackwell, Oxford UK-Cambridge USA, 1995
5. Jean Baudrillard, J., The Year 2000 Will Not take Place, in *Future Fall*, Ed. by E. A. Grosz, Power Institute of Fine Arts, University of Sidney and Future Fall, 1986
6. Francis Fukuyama, *The End of History and the Last Man*, Penguin Books, 1992




**Лучезар Бојаџиев**
Нема земјотреси на Менхетен,
1999, (компјутерска инсталација
со ЛЦД проекција)

**Luchezar Boyadziev**
There are no earthquakes in Manhattan,
1999, (computer installation
with LCD projection)



**Zdenko Bužek**

**"Black humor"**

**audio performance with telephone**

**+ 3851 3841 582**

**Skopje, IZIS,**
**26.7.1999. 10 pm**

**Зденко Бужек**
Црн хумор, 1999
(телефонски
перформанс)

**Zdenko Bužek**
Black Humor, 1999
(phone performance)




**Зоран Насковски**
Фрејмови од војната, 1999, (видео проекција на Интернет проект)

**Zoran Naskovski**
War Frames, 1999, (video projection of an Internet project)




**Сашо Станојковиќ**
Angelus Novus, 1999
(инсталација со шаторски крила и текстови)

**Sašo Stanojkovik**
Angelus Novus, 1999
(installation with tent wings and texts)





**Ана Стојковиќ**
Институт за хибридни болести,1999, (дигитални отпечатоци, слајд проекција и медицински и сеизмолошки графикони)

**Ana Stojkoviќ**
Institute for Hybrid Diseases, 1999, (digital prints, slide projection and medical and seismological charts)



**Жанета Вангели**
Културализам, или за онтолошката промашеност на трагедијата, 1999, (инсталација со четири ветрини со фотографии и предмети, дигитални отпечатоци (90 x 100 см) и слајд проекција)

**Žaneta Vangeli**
Culturalism, or about the ontological failure of the tragedy, 1999, (installation with four vetrinas with photos and ready made objects, digital print(90 x 100 cm) and slide projection)

Проектот „Секогаш веќе Апокалипса„ е помогнат од Министерство за култура на Република Македонија и Фондацијата ***PRO HELVETIA, Rèseaux Est-Ouest.***
Специјална благодарност до тимот на ИЗИС
The project „Always Already Apocalypse" was supported by the Ministry of Culture of Republic of Macedonia and by ***PRO HELVETIA, Reseȧux Est-Ouest.***
Special thanks to the team of IZIS

Издавач: Музеј на град Скопје; Одговорен уредник: Ѓорѓи Чулаковски; Куратор: Сузана Милевска; Лектор на англиски: David H. Fisher; Фотографии: Бранко Тасев; Подготовка и дизајн: Александар Прилепчански; Скенирање и печатење: Скенпоинт / Лоуренс Костер; Музеј на град Скопје; Скопје; јули 1999;
Publisher: Museum of the City of Skopje; Editor-in-chief: Gjorgji Čulakovski; Curator: Suzana Milevska; Editor in English: David H. Fisher Photographies: Branko Tasev; Layout and design: Alexandar Prilepchanski; Perpress and Print: Skenpoint / Lourens Coster; Museum of the City of Skopje; Skopje; july 1999.

**ISBN - 9989-612-49-B**



Hüseyin Alptekin
Luchezar Boyadjiev
Zdenko Bužek
Zoran Naskovski
Sašo Stanojkoviḱ
Ana Stojkoviḱ
Žaneta Vangeli

Curator: Suzana Milevska

# ALWAYS ALREADY APOCALYPSE

July 26 Skopje 1999
Institute for Earthquake Ingeneering and Ingeneering Seismology
Museum of the City of Skopje